roma index

број 7 | 2017




## ТОП ТЕМА:
**Студентите против говорот на омраза**

## ЗАСТАПУВАМЕ:
**РОМАВЕРЗИТАС - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија**

## ИНТЕРВЈУ:
**Жељко Јовановиќ: „Надежта на ромската заедница е во студентите“**

# СОДРЖИНА


**3** ИНФО
Микроистражување
Да се спомне и да не се заборави
Расте ли бројот на студенти Роми?!

**7** КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ
Кои, всушност, се ромските НВО
и што работат?!

**10** ТОП ТЕМА
Студентите против говорот на омраза

**13** ИНТЕРВЈУ СО...
Жељко Јовановиќ

**17** СОВЕТУВАМЕ
Летен одмор со здравствени проблеми

**20** ЗАСТАПУВАМЕ
Ромаверзитас - академска и друга
поддршка на студенти Роми во
Македонија

**24** РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ
Свадбени обичаи и носија

**26** РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ
Шејла Фидани



**За издавачот:**
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005



**Контакт:**
Адреса: „11 октомври“ бр.18/7, 1000 Скопје
Телефон: 076/22 55 68
e-mail: office@romaversitas.org.mк

Одговорен Уредник за Рома Индекс бр.7
ЈОСИФ РАШИДОВСКИ,
студент на Правен факултет, УГД

МУХАМЕД АЈВАЗ,
студент на Филозофски
факултет, УКИМ

ОРНЕЛА ГАНИ,
студент на Филозофски
факултет, УКИМ

ЕЛСОН ИЉАЗ,
студент на Бизнис
Администрација, УГД

АЛЕН УМЕР,
студент на Медицински
факултет, УКИМ

СЕЛИКА АЛИЛИ,
студент на Економски
факултет, УКИМ

ЕНЕС БИЛАЉИ, студент на
Факултетот за Јазици, Култура и
Комуникација, УЈИЕ

**Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:**

Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски асистент
Шенај Османов, Локален проектен координатор во Штип
Денис Исмаили, Локален проектен координатор во Тетово

*автор: Ален Умер*

## МИКРОИСТРАЖУВАЊЕ „Проблемите и потребите на студентите Роми во првиот циклус на студии“

Студентите Ален Умер и Шенас Имер спроведоа микроистражување на тема „Проблемите и потребите на студентите Роми во првиот циклус на студии“.

Истражувањето се реализираше од март до јуни годинава и ќе придонесе кон добивање сознанија за проблемите со кои се соочуваат студентите од повеќе аспекти, но и за нивните дополнителни потреби во текот на своите студии.

Истражувањето, велат Ален и Шенас може да послужи како основа за понатамошни истражувања бидејќи во извештајот се направени и дополнителни, обемни анализи од дадените интересни податоци.

Опфатени беа и квантитативниот и квалитативниот метод на истражување за добивање податоци.

Според авторите на истражувањето, добиените резултати сигурно ќе бидат занимливи за публиката, особено за младите Роми.

За датумот на одржување на презентацијата на извештајот, здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” дополнително ќе ги извести сите заинтересирани во наредниот период.

# ДА СЕ СПОМНЕ И ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ

Студенти Роми, заедно со организацијата Ромаверзитас, организираа јавен настан на 3-ти август, по повод Денот за сеќавање на геноцидот врз Ромите. Притоа, од Меморијалниот Центар на Евреите од Македонија и од плоштадот Македонија, беа испратени две пораки „Да не заборавиме“ и „Геноцидот врз Ромите да се спомене и да не се повтори“.

„Во Австрија, Албанија, Германија, Србија, Украина, Унгарија, Франција и други европски земји, Ромите се официјално спомнати и признати како жртви на геноцидот. Во Македонија се комеморира само 27 јануари – Меѓународниот ден на сеќавање на холокаустот. Македонија треба да го следи примерот на многуте европски земји“, вели Силхан Саитов, проектен менаџер во Ромаверзитас.

Според него, општеството треба да се сеќава за геноцидот на Ромите со цел да учи од минатото и да не ги повтори грешките или кривичните дела за кои може да биде одговорно. Злосторствата од минатото треба да добијат признание поради болната неправда и нејзиното често влијание на нашите сегашни можности.

Историјата нотира дека, Ноќта помеѓу 2 и 3 август 1944 година, преостанатите 2897 Роми од „Циганскиот камп“ во Аушвиц-Биркенау, повеќето жени, деца и стари лица биле одведени во гасните комори каде што биле убиени користејќи Циклон Б, а нивните тела запалени во крематориумот број V.

Официјалните бројки на убиени Роми се движат од 200,000 до 500,000. Повеќето експерти се согласуваат дека во тоа време околу 80% од ромската популација во Европа била убиена, можеби достигнувајќи и бројки од 750,000 до 1,500,000. Во 1982 година, Владата на Германија ја призна расната основа за геноцидот на Ромите. Во 2005, унгарскиот парламент го прогласи 2 Август како ден на сеќавање на геноцидот на Ромите и Синтите. Во 2011, ова го направи и полскиот парламент. Во 2012 година, во Берлин беше поставен споменик на Ромите жртви на холокаустот.

*автор: Јосиф Рашидовски*

# Расте ли бројот на студенти Роми!?

Минатата студентска година, во Република Македонија, биле запишани 168 студенти Роми. Вкупниот број запишани академски граѓани, на сите универзитети во земјава, изнесува 58.073. Иако очекувањата се оваа бројка на запишани студенти Роми да се зголеми за 3 до 4 процентни поени, директорот на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование, Рецеп Али Чупи, наведува дека овој број не расте.

„Со оглед на искуството што го имам како член на Комисијата за селекција на стипендисти од Рома Меморијал Програмата од Будимпешта и бројот на завршени средношколци кои продолжуваат на факултет (годишно околу 50), имам импресија дека во последниве 5 години, бројот на студенти Роми останува ист, односно не се зголемува. Дополнително, оваа импресија се должи и на вкупниот број стипендии (од 150 до 170) што секоја година се доделуваат за студентите Роми од двете програми (РМУСП и Министерство за образование и наука). Ова се разбира не ме прави задоволен, а верувам и колегите кои работат на оваа област, бидејќи очекувањата се бројот на запишани студенти, секоја академска година, да се зголемува и што е можно поголем број од нив, навреме да дипломираат. За потоа, соодветно, да се носат со предизвиците со кои се соочува заедницата и македонското општество во целост. Верувам дека оваа ситуција брзо ќе се менува со дополнителни политики и стимулативни мерки и секоја година ќе имаме поголем број дипломирани ромски кадри од кои се очекува да бидат промената која што сите ние сакаме да ја видиме во општеството и заедницата", дополнува Али Чупи.

## Огромен избор за академска наобразба

Студентите во Македонија имаат огромен избор на факултети каде може да го продолжат своето образование. Веќе се објавени и конкурсите за упис во учебната 2017/18 година. Во продолжение ја објавуваме табелата на десет најдобри (државни или приватни) високо-образовни институции во Македонија, направена за учебната 2015/2016 година, од страна на експерти од Шангај.

Уписните рокови на сите факултети се во текот на овој месец и во септември, освен на еден приватен колеџ каде уписниот рок трае до крајот на октомври. Доколку сакате да бидете дел од некој факултет, треба да го финансирате своето образование со најмалку 200 евра по семестар. Највисоката партиципација е 1000 евра по семестар.

Генерално, право на упис имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, во средни училишта со верифициран акт од Министерството за образование и наука или студенти од меѓународните земји со меѓународна диплома.

| | |
|---|---|
| **Универзитет "Св.Кирил и Методиј"-Скопје** | http://ukim.edu.mk/dokumenti_m/Konkurs_I_ciklus_2017-2018.pdf |
| **Универзитет "Гоце Делчев"-Штип** | http://www.ugd.edu.mk/documents/konkursi/2017-2018/konkurs_I_ciklus_2017-18_1rok.pdf |
| **Универзитет "Св.Апостол Павле"-Охрид** | http://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2017/07/Open-Call-for-Enrollment-for-First-Cycle-Studies-Academic-2017-2018-MK.pdf |
| **Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово** | https://drive.google.com/file/d/0BzcIFQw5HG4KTkhDaVJNcjVxeFk/view |
| **Универзитет Американ Колец-Скопје** | http://www.uacs.edu.mk/home/wp-content/uploads/2017/04/Konkurs-za-zapisuvanje-na-studenti-na-prv-ciklus-studii-na-UAKS-vo-akademska-2017-2018-godina-1.pdf |
| **Универзитет Св.Климент Охридски-Битола** | http://www.fakulteti.mk/documents/Upisi/2017-2018/Konkurs-za-prv-ciklus-studii-2017-2018-UKLO.pdf |
| **Државен универзитет-Тетово** | http://www.unite.edu.mk/2017/broshura2017mk.pdf |
| **Универзитет ФОН-Скопје** | http://www.fon.edu.mk/novost.aspx?ln=mk&cid=323 |
| **ЕУРО Колец-Куманово** | http://www.eurocollege.edu.mk/%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BA%D1%83%D1%80%D1%81-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BF%D0%B8%D1%81-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/ |
| **Факултет за бизнис и економија-Скопје** | http://www.fbe.edu.mk/images/stories/Documents/KonkursFBE2017.pdf |

*автор: Зекир Абдулов*

# КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

## Кои, всушност, се ромските НВО и што работат?!

Се надевам насловот е доволно провокативен за да се истрае при читање на оваа тема, која, во последно време, е многу експлоатирана. Улогата на граѓанскиот сектор во Македонија е значајна. Во целиот наш политички плурализам, граѓанскиот сектор или поточно, невладините организации одиграа важна улога во развојот на демократијата и граѓанското општество. Иако низ различни периоди, различно се толкувани и третирани, сепак граѓанските организации веќе ја добиваат својата вистинска физиономија. Тие се дел од повеќе законски и уставни решенија кои ги засегаат граѓаните и сé повеќе стануваат сериозен фактор во истрајноста за демократизација на македонското општество.

Состојбата со ромскиот невладин сектор е слична. Ромските невладини се појавуваат меѓу првите регистрирани граѓански здруженија од осамостојувњето. Иако, со скромни почетоци и ограничен број, ромските НВО-и имаат значаен придонес во развојот на ромската заедница во Македонија. Многумина тоа ќе го негираат, не го гледаат или не сакаат да го видат. Ќе се обидат во крајност да ги девалвираат, но едно е јасно: **ромскиот невладин сектор, со сите свои недостатоци и недореченост, има свој значаен придонес во досегашниот напредок на ромската заедница.**

Неколку податоци кои говорат за напредокот на ромската заедница. Споредете го бројот на Роми во државната и јавната администрација до 2000 година и денес. Вклученоста на ромските деца во образованието и нивното осипување пред седумнаесетина години е

неспоредлив со сегашниот. Ромското прашање никогаш не било поставено на толку високо ниво во јавните политики како денес. Од друга страна, **не го оспорувам фактот дека имало и има недостатоци.** Сепак, проблемот е во нашите очекувања. Затоа што мислиме дека за 10 или 20 години ќе го надоместиме изгубеното минато кое се брои во векови.

Да ги прашаме помладите генерации? Дали бројот на дипломирани Роми и тековни студенти Роми ќе беше ист доколку не постоеше Ромаверзитас и другите програми кои го потпомагнаа образованието кај Ромите?! Колкав е бројот на студенти кои никогаш не земале стипендија или друга помош од некоја образовна програма, водена од невладина организација?! Ќе речам дека е сосема мал и неспоредлив со оние кои, директно или индиректно, се потпомогнати од ромските НВО, кои во изминатиот период (минатиот век) со крајни напори се трудеа тие програми да се институционализираат и да бидат дел од државните политики.

Во тој период, ова беше апсурдно и некои поедници ги оценуваат овие идеи како налудничави. Но, ете се случи и тоа. Бројот на завршени и запишани лица во основно и средно образование е значително зголемен. Бројот на запишани студенти е значително зголемен, иако со дипломирањето, некако, не успеваме да фатиме чекор. Но, во просек 200 запишани студенти Роми е далеку поголем број од десетина студенти. Свесни сме до каде ќе бевме со образованието доколку ги немаше образовните програми на Фондациите Отворено Општество, Ромскиот Образовен Фонд и другите меѓународни организации. Преку овие програми се воспоставени ромските информативни центри, градинки во 19 општини, ромските здравствени и образовни медијатори, стипендиите за средношколци и студенти Роми и неколку други институционализирани програми, иницирани од ромскиот невладин сектор.

Ромскиот граѓански сектор се соочува со разни предизвици. Притисок и постојани **напади од политички партии и од ромската заедница**, вклучително младите Роми. Медиумскиот напад од поедини медиумски куќи е најголемиот апсурд кој може да го има една незрела демократија, како што сме ние. Наместо да сме на иста страна како што е редот, бидејќи заедно го чиниме граѓанското општество, ние сме на две спротивставени страни. Ова, за жал, се случува во континуитет, некогаш повеќе – некогаш помалку. Така се создава искривена и погрешно интерпретирана слика за невладините организации со што се отежнува нивното делување.

Не дека сé е сјајно во невладиниот сектор, но **никој не може и не треба да ја оспори улогата и придонесот на невладините организации во овој период.** Е сега, дали се вистински коректор на власта или се дел од власта, за ова прашање потребна е подетална анализа и поширок елаборат.

Во обид да се исполни основната функција на невладините, односно да се биде коректор на власта, дел од НВО [illegible] дефинирани како политички опоненти. За волја

вистината, дел навистина се претвараат во политички опоненти, а дел одржуваат средина. Оние од средината понекогаш купуваат време и стануваат пасивни набљудувачи на сето она што се случува околу нас. А да ... ќе ги заборавев оние третите. Тие се вистински политичари, што значи дел од ромските НВОи успешно кокетираат со владеачките структури со цел да не бидат засегнати или да добијат дел од државниот колач.

Невладиниот сектор треба да соработува со сите сектори, па и со политичките партии, но тоа треба да биде во интерес на исполнување на нивните стратешки приоритети. Треба да соработува и со бизнис секторот, но тоа во моментот е невозможно, барем што се однесува до ромските НВОи и ромскиот бизнис кој едвај се забележува. Соработката со медиумите е релативна и поларизирана, барем досега.

Вака изгледа невладиниот сектор, пред сé ромскиот, кој во последно време се соочува со предизвикот да изгради заедништво помеѓу сите ромски НВО, преточени во ромска граѓанска платформа со цел да го зголеми влијанието врз креирањето и донесувањето на јавните политики за Ромите. Во моментот имаме зрела прилика за тоа. Дали ќе се успее, зависи од нас. Кога велам од нас, мислам на сите нас.

*Авторот изнесува лични ставови, но не и официјални ставови на организаацијата во која работи (КХАМ).*

*автор: Јосиф Рашидовски*

**ТОП ТЕМА**

# СТУДЕНТИТЕ ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза се почесто го исполнува јавниот простор во Република Македонија и станува актуелна тема која што секојдневно зема огромен замав во општеството. Граѓаните се соочуваат со говор на омраза во медиумите, интернетот и во заедницата во која живеат. Поради тоа, борбата против говорот на омраза е мултидимензионална и се води на различни полиња.

Кога зборуваме за поимот Говор на омраза потребно е да се напомене дека и покрај честата употреба на овој термин, не постои универзално прифатена дефиниција. Во судските параметри, како ориентир, говорот на омраза се дефинира како изразување на омраза кон определена група. Говорот на омраза се користи за да се навреди одредено лице преку расна, етничка, религиска или друга група на која припаѓа. Генерално, таквиот говор настојува да ја осуди или обесчовечи индивидуата или групата или да изрази гнев, омраза, насилство или презир кон нив. Тој носи порака за инфериорност, осуда ,понижување и ширење на омраза спрема членовите на односната група. Практично, сите расистички, ксенофобични, хомофобични и други поврзани деклинации на идентитетско-напаѓачко изразување би можеле да се подведат под овој поим. Како мета, односно таргет на овој говор, може да биде едно или повеќе лица кои припаѓаат на група која споделува определени карактеристики.Заедничка карактеристика која што ги издвојува самото лице, односно група од останатите за тие да бидат предмет на говор на омраза е самата особина во поглед на расата, религијата, сексуалната ориентација или друг заеднички идентитетиски определувачки

фактор. Говорот на омраза, покрај директниот говор, вклучува многу форми на изразување и тоа: јавно користење на навредувачки симболи, нивно експлицитно прикажување на паради, протести, палење на крстови и знамиња, испишување на графити, лепење на плакати, изразување преку ТВ и радио и во најново време, изразување преку Интернет.

Европскиот суд за човекови права разви неколку елементи кои што помагаат полесно да го препознаеме говорот на омраза: прв елемент - Да постои намера за ширење омраза кон определена група. Вториот елемент е содржината, односно контекстот на конкретното изразување. Како последен елемент се консенквенциите (последиците) коишто произлегуваат од говорот кои можат да доведат до нарушување на јавниот ред и мир, насилство, поттикнување на омраза помеѓу односни групи во општеството. Медиумите како еден од повеќето форми на изразување имаат доминантна улога во општеството и нивната пракса секојдневно насочува кон релации на следниве видови говор на омраза: политичко-партиски, етнички, верски, ксенофобичен (ние против странците), хетерофобичен говор на омраза (најчесто на расна, родова и сексуална основа).

Медиумските манипулации секојдневно насочуваат кон непотребно истакнување на националноста, негативната контекстуализација, стереотипизацијата, префокусирањето и уште многу други проблематики кои што поттикнуваат кон деградирање на група или личност. Социјалните мрежи, исто така, влегуваат во најдоминантните начини за ширење говор на омраза. Како пример за ширење говор на омраза кон етничка заедница (во случајот спрема Ромите), го издвојуваме фејсбук постот на Ирена Ристиќ од 14.07.2017 година, кој поттикна и останати лица да се придружат на говорот кој што прошири омраза, изрекувајќи низа навредливи зборови и стереотипизација кон Ромската заедница.

**ИренаРистиќ:**
"Дечки, не треба многу да ви објаснувам... **Циганите** (поради некоја политичка или не знам каква коректност нарекувани Роми, као да со тоа нивните злодела добиваат на легитимитет или нивниот живот на квалитет) ја претоварувале, константно ја тормозеле Аурора и во даден момент нејзината нога пука, не може да додржи...паѓа! **Циганите** собираат се што до претходно било на нејзиниот грб и ја оставаат така, падната и во бесознание... од тука па натаму следевте низ нашите објави ...кој не е куче, нема да може да преживее со три нозе... Чекаме мислења од Бугарија, Турција, Англија, појма немам..."

**Дел од коментарите на постот:**
"Се е тоа да **да собереш у еден огромен лонец и сапун да го направиш!** Тие што ќе си ги бранат, како што нам ни велат за животните, така јас ќе им кажам, ако ви се толку добри **да си ги соберете и дома да си ги носите"**.
"Скроз си во право. Не само што ужасно се однесуваат со животните туку се и **најпрљавата нација на планетата земја.** Ми е гајле дали некој ќе ме осудува за дискриминација, али чим на народов не му смета **гнасотијата нивна** нема ни што да се објаснува понатаму. А за Аурора, ќе живее!"

## Кои се факторите за постоење говор на омраза и како до негова превенција?

Недостатокот на судска пракса, игнорантскиот однос на институциите кон овој феномен се само дел од факторите кои придонесуваат кон постоење на говор на омраза. Друг фактор е отсуството на општествен дијалог за причини на говор на омраза.

**Превенирање:**

Креирањето на едукативни и информативни програми ќе придонесат самите граѓани да го препознаат, маркираат, делегитимизираат, процесираат и навремено да го пријават говорот на омраза.

[1] *Кривичен законик, Расна и друга дискриминација (чл. 417), став 1.*

## Што да сторите доколку препознаете говор на омраза?

Според Кривичниот законик на Република Македонија, ширењето омраза е кривично дело за кое следува казна од 1 до 10 години затвор, во зависност од последиците: "Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор,ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на Меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години".[1]

Вашата пријава може да ја доставите до МВР, во најблиската полициска станица, преку телефонот 192 или со праќање е-пошта до Одделението за компјутерски криминал на cybercrime@moi.gov.mk

# ИНТЕРВЈУ СО...

## ВРЕМЕ Е САМИ ДА НАПРАВИМЕ ЗА СЕБЕ

„Надежта за ромската заедница, не само во Македонија, туку и во цела Европа е во студентите“

**Жељко Јовановиќ**

**Многу наши студенти Роми студираат, но се принудени и да работат. Дали тоа ги ограничува студиите или може да се третира како предност?**

И јас, лично, почнав да работам за американска организација уште кога студирав. Тоа беше мојата прва работа и никогаш, практично, не сум имал студентски живот, бидејќи сум работел полно работно време. Но, пред извесно време, слободно може да кажам, имав вистински студентски живот бидејќи една година студирав на Оксфорд и целосно можев да се посветам на студиите. Претходно, не можев. Меѓутоа, моето искуство не е рецепт за другите. Секој студент треба да го избере својот пат. Сепак, има проблем со тоа што многу луѓе што го започнуваат студирањето се откажуваат. Напротив, приоритет нека ви биде да ги завршите студиите. Да се создаде критичка маса која што е попаметна, поспособна и поорганизирана од останатите. Исто така, претходно додека студирав, немав прилика да сретнам толку Роми студенти. Нив ги гледав само додека работев. Нам ни требаат не само студенти, туку и дипломирани доктори, правници, економисти, архитекти, политиколози, ИТ стручњаци, учители, сите што можат да му помогнат на својот народ.

**Кој е интересот на младите? Што би требало да прават?**

Моментално, младите се зачленуваат во политички партии за да добијат работа во државна администрација. Тоа е дел од поголем проблем во Македонија и пошироко, работа да се добива по партиска линија. Или се вработуваат на некои проекти за образование и ги учат децата да пишуваат и читаат. Ова второто е нешто што ние го правиме. Иако, знаете дека земјите од опкружувањето се во тешка

економска ситуација. Проблеми има и за не-Ромите. Но, нас не погодува расизмот, кој го зголемува нивото на проблеми и затоа се соочуваме со повисок степен на проблеми во однос на останатите. Како да го решиме тоа? Политиката е еден начин да се менува системот кој не држи понижени и не дозволува да ја подигнеме главата од материјално сиромаштво и психолошка тортура. Затоа и многу од вас се вклучуваат во политиката бидејќи имате потенцијал да ја подигнете главата. Кога велам политика не мислам само на политички партии. Тука спаѓаат и невладините организации, кои се занимаваат со оваа проблематика. Што се однесува до политиката, таа е моќ. Но, не може да ја добиете моќта, доколку одлучите некој да не ја изгуби моќта. Кој би прифатил да ви даде моќ? Никој. Мора да се борите, колективно да се организирате, како генерација која минимум 50 години е пред себе и која може да планира и да работи на долги патеки. Надежта за ромската заедница, не само во Македонија, туку и во цела Европа, е во студентите. И според мене тоа е единствена надеж. Невладиниот сектор има своја улога, но, таа не е доволно голема како Вашата. Како студенти треба да станете и да размислувате, бидејќи иднината е во ваши раце. Некои од Вас ќе мора да се посветат на колективниот интерес на ромската заедница. Вие сте иднината и можноста за идните генерации. Сите лидери во историјата, не биле лидери само од себе. Тие наследиле од предходните генерации и го унапредиле процесот понатаму. Не може да чекаме да најдеме лидер кој ќе биде само една личност која сите би ја следеле. Многу е важен политичкиот поглед на нашата ситуација, кој бара долгорочна перспектива и во кој невладиниот сектор има свое место. Кога почнав да работам не знаев ниту каде почнувам, не знаев што е невладин сектор. Затоа што, невладина организација значи анти-владина организација. Имав луѓе околу себе, за секоја грешка не бев казнуван. Многу е битно да имате разбирање за луѓето околу Вас. Сфатете дека грешката е мајка на секој успех. Имав среќа што луѓето околу мене за секоја моја грешка не ме демотивираа. Лично, речиси никогаш не се претставувам како активист, заради тоа што активистот е поединец кој мора да биде дел од нешто поголемо, некоја поголема организација. Се гледам себе како поединец кој ги наследил лекциите и структурата од предходната генерација како основа за мојата работа, дека сум дел од борба која е многу поголема од мене. Јас треба да Ви оставам Вам и на другите, како следна генерација, многу повеќе од тоа што јас добив од генерацијата пред мене. Така, секоја генерација, ќе биде посилна и помудра од претходната, да создава политички и економски капитал за нашиот народ.

## Како им помагате на студентите?

Во Будимпешта им помогаме на младите луѓе да формираат свои организации, свои мрежи, во кои може да ги искажете вашите погледи за ромскиот народ и светот. Вие сте многу побрзи од старите Ромски лидери во смисла на тоа дека многу брзо размислувате за модерниот свет, за иднината, технологијата ја користите многу побрзо од останатите. Но, сепак, овие проблеми со кои се соочуваме нема да се решат брзо и вашите очекувања не треба да бидат дека сé ќе се реши брзо. Тоа би траело неколку генерации. Исто така, им помагаме на луѓето што сакаат да студираат во Будимпешта.

Ромскиот Едукативен Фонд помага да ги завршите вашите студии. Потоа, помагаме во отворање организации и вмрежување, луѓето да работат заедно. Според мене, ова веќе многу повеќе зависи од Вас, не од СОРОС фондацијата. Ние можеби имаме пари, но го немаме тоа што го имате Вие. Нашата улога е само да помогнеме во тоа што Вие го имате - енергија, идеи, знаење и шанса да бидете поблиску до нашиот народ, отколку ние во Будимпешта. Ние не сме клучниот фактор. Вие младите, студентите, сте клучниот фактор, а нашата улога е да ги поддржиме оние меѓу Вас кои политички гледаат долгорочно, гледаат потенцијал, снага и мудрост во нашиот народ и се подготвени да работат со другите на промена на нашата заедница и системот кој не држи во ваква моментална ситуација.

## Во Македонија најголема помош добиваме од СОРОС фондацијата во насока на реализација на проекти...

Што се однесува до меѓународната фондација, сакам да размислиме што би било да не е СОРОС фондацијата? Таа е упатена за ситуацијата на Ромите повеќе од 20 години. За сите овие години има потрошено повеќе од 200 000 000 $ во повеќе од 20 држави во Европа. Што би се случило доколку Фондацијата не ги финансира проектите? Што ќе значи тоа за Ромската заедница, зависи од Вас. Одговорот не можеме да го дадеме ние. Меѓународните организации имаат сé помал интерес и се соочуваат со други предизвици - тероризам, миграција, економска криза во ЕУ и многу други проблеми. Сé помалку ние сме приоритет, се помалку се зборува за ситуацијата на Ромите во Европа. Шансите кои ги имаме на меѓународно ниво се затвораат, не се отвараат. Што во принцип значи ова? Значи дека времето поминува. Ние сме работеле со години, сме пишувале извештаи до меѓународните организации со надеж дека тие ќе ги решат проблемите. Но, повеќе не можеме да сметаме на меѓународните организации, бидејќи и тие самите немаат метод на влијание врз државата која може да ги реши прашањата околу водата, канализацијата, домувањето, вработувањето, образованието. Посебно од земјите кои веќе се во ЕУ, додека нашите земји на Балканот се во процес на придружување. Доаѓа време каде што ние не би можеле да сметаме само на СОРОС фондацијата, меѓународните организации, време каде што треба да сметаме само на себе, да гледаме што можеме ние да направиме за нас, да водиме сопствена политика, а останатите да не поддржуваат и следат. Тоа е суштина на она што јас и моите колеги во РИО во Будимпешта го гледаме, што значи ромско лидерство. Тоа не е не-Ромите да не работат и помагаат нашиот народ да живее подобро, напротив. Тоа е ние да водиме, да превземеме одговорност, ние да ги дефинираме нашите цели и приоритети. Останатите да не следат и да ни помагаат, но ние мора да ја превземеме одговорноста за добри и за лоши одлуки.

## За крај, Ваш совет кон Ромската заедница?

Ќе Ве потсетам на еден практичен пример од историјата. Германија по Втората светска војна економски била уништена. Но, после 30 години, Германците повторно биле движечка сила. Зошто? Една од клучните причини е нивното размислување за колективните проблеми и

интереси. Тие размислувале како проблемот што го имаат, не да го решат веднаш, туку мислеле и на генерациите што следат. Размислувале многу како да создаваат институции кои ќе ги решаваат проблемите долгорочно, да не зависат од еден лидер и една генерација, туку од институции кои имаат подолг живот од поединецот и кои може да се менуваат и унапредуваат од генерација во генерација, да одговорат на предизвиците и шансите на времето во кое живеат. Ситуацијата во која се наоѓа нашиот народ е резултат на повеќе генерациско систематско уништување на нашето економско, политичко и културно живеење. Проблемите со кои се соочуваме растат побрзо од она што ние можеме да го решиме. Но, денес имаме многу повеќе универзитетски образовани луѓе во однос на тоа пред 20 години. Многу наши луѓе кои отидоа на Запад и имаат приходи, тие имаат релативно подобри животни услови отколку што имале нивните родители. Тоа е надеж дека нашата снага може да расте. Така што имаме огромна шанса да бидеме се подобри во артикулирање и водење на нашата политика. За да нашиот народ може да ги почувствува позитивните резултати од нашето политичко работење, неколку генерации мора да работат напорно, континуирано и конзинстентно. Не смееме да дозволиме нашето политичко дејствување во следните 30 години да биде полошо отколку во претходните 30 години. Не е прашање како ќе ги решиме сите проблеми за година, две, три. Прашањето е што ќе оставиме ние на следната генерација? Кои и какви организации и институции оставаме на следните генерации да работат подобро отколку ние? Дали ќе оставиме организации во служба на нашите проритети? Дали нашите организации се институции во кои младите се добредојдени, можат да ги бранат своите интереси, во кои може да се развиваат и преземаат поголема одговорност? Дали нашите организации се институции во кои нашиот народ верува дека работат најдобро во одбрана на нашите интереси? Дали се институции во кои нашите луѓе може да придонесат со време и пари и дали тоа го прават со гордост? Посилни ромски организации, посилни ромски медиуми, искуство забележано како архива од која следните генерации треба и може да учат на нашите грешки и успеси. Тоа е тоа што треба да го оставиме: ромски организации како политички институции во кои веруваме, институции на кои сме горди и кои, константно, можат да работат на интересите на нашиот народ во следните неколку генерации.

*автор: Ален Умер*

# СОВЕТУВАМЕ

## ЛЕТЕН ОДМОР СО ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ

Летото доаѓа. Сите сме возбудени за долгите сончеви денови. Со нетрпение ги очекуваме летните одмори кога целосно ќе се препуштиме на долгите песочни плажи и синото море или езерата на кои планираме да летуваме. Но ова уживање може да го попречат здравствените проблеми кои би можеле да се појавуваат во овој период. Промената на местоположбата, климатските услови, брзата храна, водата од чешма, престојот во вода во далечните земји честопати може да предизвикаат бројни нарушувања на дигестивниот систем: стомачни тегоби и мачнина од патување, дијареа, запек, повраќање, дехидратација и покачена телесна температура.

Промената со себе носи и вируси и бактерии на кои телото не е подготвено. Влијание има и подолгото изложување на сонцето и алкохолот кои му пречат на имунолошкиот систем. Статистиката говори дека секој човек на годишен одмор, просечно е болен два до два и пол дена. Експертите советуваат дека превенцијата е најважна. За ништо да не го наруши долгоочекуваниот одмор, треба да внимаваме на следниве работи:

### 1. Летна настинка

Летните настинки се фаќаат многу лесно поради тоа што премногу време поминуваме во климатизирани простории или поради студената вода и ненадејните промени во времето. За да не ни помине времето во бришење на носот и кашлање, треба да избегнуваме постојано да седиме со вклучен клима уред или барем, да не се подесува на

многу ниски температури. Треба да се обидеме да не поминуваме премногу време во ладна вода, особено ако летуваме на езеро, каде водата обично е поладна отколку во море. Неодамнешните истражувања покажуваат дека шансите за летна настинка се 100 пати поголеми доколку патуваме со авион. Дополнителен проблем е и стресот пред патување кој уште повеќе го ослабнува имунолошкиот систем.

## 2. Изгореници

Изгорениците и предолгото сончање го зголемуваат ризикот од рак на кожата, што е доволно сериозно. Но, изгорениците може да го направат одморот пеколен.
Не само што нема да може да спиете, туку и неколку дена ќе поминете во лечење на кожата, време кое нема да може да излезете на сонце или да влезете во вода. Решението е да се мачкате со крема за сончање со висок УВ фактор и првите денови да не се седи на сонце во најжешкиот период. Сончањето е најдобро да биде наутро и во периодот после 17 часот.

## 3. Стомачни проблеми

Ова е најчестиот здравствен проблем со кој се соочуваат луѓето. Некои од нив имаат „нервозен “стомак, на другите не им одговара промената на храна, а третите пијат вода од чешма. Опремете се со пробиотици пред да заминете на пат. Обидете се да јадете само храна која е проверена и избегнувајте да јадете многу од локалните зачини. Пијте флаширана вода.

Летниот одмор, промената на исхраната и промената на физичката активност, може да влијае на дигестивниот систем. Експертите советуваат дека неколку дена пред летниот одмор и за време на летувањето да се пијат пробиотици кои спречуваат дијареа и опстипација (запек). Пробиотиците се „добри бактерии” кои служат за

регулација на цревната флора при дијареа, за зајакнување на одбрамбените способности на организмот, при употреба на антибиотици (за спречување на нарушувањето на нормалната цревна флора).

## 4. Гадење при патување

Многу луѓе страдаат од гадење за време на патувањето, особено кога патуваат со авион, брод или автобус. Гадењето настанува кога мозокот добива сигнал дека телото е постојано во движење и бара рамнотежа. Симптомите на оваа болест вклучуваат вртоглавица, гадење, ладна пот, главоболка, повраќање и слично. Бидејќи мозокот тешко го следи движењето на телото настанува вртоглавица и гадење.

Не читајте, избегнувајте пушење цигари, не консумирајте алкохол. Доколку сте во можност, бидете возач, бидејќи поради фокусот ќе заборавите на гадењето. Доколку до вас седи некој што повраќа, преместете се на друго место, сугестијата може да биде силна, поради што може и Вие да повраќате.

## 5. Убоди од инсекти

Високите температури за време на летниот одмор се погодни за инсектите. Иако повеќето инсекти не се опасни, нивниот убод секогаш предизвикува болка и напорно чешање. Некои убоди од инсекти може да предизвикаат тешки алергиски реакции или да пренесат некоја болест.
Истражувачите откриле дека постојат неколку фактори кои ги „тераат“ комарците да се „лепат” за нас: потење, алкохол во крвта и бременоста кај жените. Најдоброто нешто што може да направите е да се купи средство против комарци. Исто така се препорачува со облека да бидат покриени нозете, особено глуждовите и рацете, која е т.н „омилена дестинација” за комарците. Најдобра превенција е да се избегнува да се користат сапуни, детергенти и омекнувачи со силен и интензивен мирис кои ги привлекуваат инсектите.

На море има инсекти кои може да бидат поголеми и поопасни од инсектите во опкружувањето и поради кои треба да се применат дополнителни превентивни мерки, како што се креми против убоди од инсекти, но и да се понесат и некои препарати како што се апарати за одбивање на инсектите, креми кои ќе ги ублажат убодите, но и некои медицински препарати како што се антихистаминици (делување против хистамин - супстанца која се ослободува при алергиски реакции).

*автор: Силхан Саитов*

# ЗАСТАПУВАМЕ

## Проект за подобри академски способности

Овој проект има намера да ја подобри одржливоста, академските способности и нивото на дипломирање на студентите Роми во високото образование преку поддршка за академски постигнувања и развој, поддршка за личен и професионален развој, зајакнување на ромскиот идентитет, студентската заедница и активизам.

Проектот содржи три компоненти: академска поддршка и развој, личен и професионален развој и ромски идентитет и активизам.

| | |
|---|---|
| **Проект** | Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија |
| **Реализатор** | Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ |
| **Партнер** | Универзитет на Југоисточна Европа |
| **Целна група** | Матуранти Роми, студенти Роми и РОМАВЕРЗИТАС Алумни |
| **Место на реализација** | Скопје, Штип и Тетово |
| **Период на реализација** | 31 Јули 2015 – 31 Август 2017 |
| **Донатор** | Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта |

## Постигнати резултати во компонентата академска поддршка и развој

| ТУТОРСТВО | КОРИСТЕЊЕ НА ЛИТЕРАТУРА | РАБОТИЛНИЦИ ЗА АКАДЕМСКИ СПОСОБНОСТИ |
|---|---|---|
| 125 студенти користеле туторски часа за 185 академски предмети | 60 студенти од Скопје користеле стручна литература | 131 студенти учествувале на 6 работилници за академски способности |
| 129 ангажирани тутори | На барање на студентите, набавени се 80 стручни книги | Опфатени вештини за менаџирање на време, академско пишување, комуникациски и презентациски вештини |

## Постигнати резултати во компонентата личен и професионален развој

| КУРС ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ | КУРС ПО КОМПЈУТЕРИ |
|---|---|
| 99 студенти посетиле курс по Англиски јазик | 58 студенти посетиле основно ниво на курс за програмите на Microsoft Office (Microsoft Word, Excel и Power Point) |
| 18 студенти посетиле курс по Германски јазик и 2 студентки посетиле курс по Француски јазик | 40 студенти посетиле напредно ниво на курс за програмите на Microsoft Office (Microsoft Word, Excel и Power Point) |

## Постигнати резултати во компонентата личен и професионален развој

| ГРАНТ ЗА ПРАКТИКАНСТВО | ГРАНТ ЗА МИКРОИСТРАЖУВАЊА | ГРАНТ ЗА СТУДИСКА ПОСЕТА |
|---|---|---|
| 1 студент реализираше тримесечно практиканство во Институт за јавно здравје<br><br>1 студентка реализираше тримесечно практиканство во адвокатска канцеларија | Спроведено микро-истражување на тема „Активизам, лидерски вештини и аспирации кај студентите Роми“ | 1 студент реализираше студиска посета во бизнис школата École Supérieure de Commerce de Pau |
| 4 студенти реализираа тримесечно практиканство во 4 здруженија на граѓани | Спроведено микро-истражување на тема „Проблемите и потребите на студентите Роми во првиот циклус на студии“ | Студентот го положи приемниот тест Pass World Admission test и се запиша на постдипломски студии во странство |

| РАБОТИЛНИЦИ ЗА ВЕШТИНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ | ТРЕНИНГ ЗА РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС И МОБИЛИЗИРАЊЕ НА СРЕДСТВА |
|---|---|
| 19 студенти учествувале на дводневна работилница за научно истражувачка работа<br><br>Учесниците изработиле 3 идеи за микроистражување | 18 лица, студенти и РОМАВЕРЗИТАС Алумни, учествувале на тренингот<br><br>Учесниците изработиле 4 проектни идеи |

## Постигнати резултати во компонентата ромски идентитет и активизам

| РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РОМСКИОТ ИДЕНТИТЕТ | ТРЕНИНГ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ НА РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ |
|---|---|
| 181 студенти учествувале на 9 работилници.<br><br>Опфатени теми: Ромски јазик, историја и култура, Ромски идентитет и ромско движење и Холокаустот врз Ромите | 18 лица, РОМАВЕРЗИТАС Алумни учествувале на тренингот<br><br>Учесниците изработиле 3 идеи за застапување |
| **ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА** | **е-весник РОМА ИНДЕКС** |
| 4 панелисти на тема „Културните различности во интерес на мултикултурното општество“ | 7 новинарски тимови со вкупно 43 студенти учествувале во подготовка на 7 објавени Рома Индекс списанија |

## Настани со кои беше одбележан 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите

| ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА | ОРАТОРСКИ НАСТАПИ |
|---|---|
| 4 панелисти на тема „Улогата и развојот на ромската академска заедница во Македонија“ | 7 говорници на теми за ромскиот народ – минатост, сегашност, иднина |

| НАСТАНИ СО КОИ БЕШЕ КОМЕМОРИРАН 2 АВГУСТ – ДЕНОТ НА СЕЌАВАЊЕ НА ГЕНОЦИДОТ ВРЗ РОМИТЕ | |
|---|---|
| Проекција на видео сведоштва во Холокаустот врз Ромите во Меморијален Центар на Евреите од Македонија | Јавен настан „Да не заборавиме“ во плоштад Македонија |

*автор: Селика Алили*

# РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ

## РОМСКИТЕ СВАДБЕНИ ОБИЧАИ И РОМСКАТА НОСИЈА

Ромските свадби се долги и предизвикуваат замор. Ден-два потоа чувствуваш физичка  болка. Сепак, тие се едни од најдобрите забави што ги прават Ромите. Ромските свадби се уникатни. Секој детаљ, секој обичај и секоја носија на невестата има свое значење. Секој украс е наместен внимателно за другите да го видат. Слично како на Ѓурѓовден, и овде има „конкуренција“ во смисла на тоа кој ќе направи поубава и побогата свадба, тој ќе биде славен во маалото и за тоа ќе се збори со години.

Кога се прави свадба за двајца млади, свеченоста трае околу една недела, а понекогаш и повеќе. Сé почнува од домот на младата невеста. Се украсува портата со цвеќиња и разни убави свечени хартии. Се разбира, пред да се почне ова, девојката се запросува од нејзините родители. Кога ќе го затворат својот збор, односно кога нејзините ќе го дадат таканаречениот „дендо лафи“, тогаш се прави веридба и сватовите или блиската фамилија на зетот носат дарови на невестата. За возврат, таа исто така, дава дарови за да однесат дома по кратката веселба со зурли и тапани.

Свадбената облека се носи кај невестата кога се става к’на на косата. Ја затвораат со црвена шамија, и таа не смее да ја затвори сé до утредента кога ќе оди во амам заедно со нејзините другарки за да ја измие косата. Овој обичај се вика бања. Дента после бањата, таткото на невестата прави свадба, односно веселба со жива музика. Невестата се развеселува и ѝ се дозволува да плаче.

Веселбата има два дела: игранка и ресторан.

За време на игранката невестата, блиската фамилија и блиските пријатели носат шалвари или димии, а во ресторанот се облекуваат во свечени фустани и невестата во својот венчален фустан. Таму и тогаш, исто така се носи к'на од страна на зетот, односно неговите најблиски и се става на рацете и нозете на невестата. Самиот чин на ставање к'на означува дека девојката е на пат да стане жена со обврски кон својот иден маж . Свадбата трае до зори.

После веселбата, поточно наредниот ден, зетот и сватовите доаѓаат да ја земат невестата. По неа се оди со музика, пеење и играње. Претходно, зетот го бричат и шишаат. Тоа одење по невестата се вика алај. На алајот, пред пристигнувањето во домот на невестата, се блокира патот со дрвја и слични реквизити, најчесто алати, кои означуваат место каде што треба да се постигне договор под кои услови може да се земе невестата. Барикадите ги прават мажите од фамилијата на невестата, кои во рацете држат стапови. Најчесто „условот" за да се земе невестата е шише ракија.

На патот од стариот кон новиот дом, невестата не зборува со никого и прво, треба да прозбори со младоженецот. Тој ја пречекува пред порта и ја гледа низ сито. Потоа, фрла леблебија и бонбони околу неа и испразнетата чинија ја фрла позади неа. Таму чекаат ергени и се верува дека тој што ќе ја фати чинијата ќе биде следниот што ќе се ожени.

Пред да влезе во куќата, невестата три пати го премачкува прагот од куќата со шербет (шеќер и вода). Потоа влегува во куќата со леб под пазуви и на главата. Со тоа се верува дека таа носи благосостојба и бериќет во куќата, а за да биде плодна, во скутот на невестата се става машко дете. Веселбата во домот на младоженецот продолжува и понатаму со музика, игра и гозба. По првата брачна ноќ, која е особено важна за двете ромски семејства, во раните утрински часови невестата служи блага ракија а нејзината чесност ја означуваат удари на старите ромски инструменти: тапаните и зурлите. Невестата, тогаш се дарува со злато, а попладнето доаѓаат роднините на невестата со дарови.

Традиционалната носија на Ромите во РМ воглавно се чинтијаните, кои уште се нарекуваат шалвари или димии. Елекот е сиот изработен од срма, а често пати тој има додатоци за рацете изработени од срма и кадифе. Под елекот се облекува посебна кошула, чија јака и завршетоците на рацете се украсени со т.н. оји т.е чипки, кои се прават рачно од специјален конец. Околу половината се става колан изработен од сребро. Елекот уште може да биде или од срма или се шие т.н минтан од истиот материјал. Минтанот е еден вид елек, но со богато набрана јака и широки ракави кои завршуваат со ластик за да можат да се подигнат до лактовите и да дојде до израз богатиот набор.

Ромите имаат огромна и долга традиција на организирање свадбени обичаи. Се разбира, се разликуваат во различни нешта кај различни граѓани, но во глобални рамки, го извадивме краткиот приказ на обичаите за ромска свадба и традиционалната носија.

*автор: Шејла Фидани*

# РОМАВЕРЗИТАС АЛУМНИ

## Личноста и идентитетот се градат и надвор од училишна клупа

„Живеев во Гостивар, студирав во Тетово на Југоисточниот Европски Универзитет, работев во Скопје... Секојдневно патував, учев во автобус, беше студено, мрзнев и чекав превоз, понекогаш немајќи пари за месечен билет.
Не беше воопшто лесно, но не можев ниту да се откажам. Тоа не би водело никаде... Издржав.“

Поради иновативноста на насоката на која дипломирав –Коминикациски науки, медиуми и односи со јавност, се запишав на приватен универзитет, надевајќи се дека ќе бидам стипендист на една од иницијативите за поддршка на образованието на Роми. И така беше. При самиот упис, добив стипендија од универзитетската Норвешка програма. Наредната година станав стипендист и дел од програмата на Ромаверзитас, која претставуваше дом и место во кое бев среќна, ги престретнував моите очекувања, место каде што верувавме дека ако денес не оди сé како што сме планирале, барем утре може да направиме да биде подобро.

Секако, моето патешествие кое не беше воопшто лесно поради финансиската ситуација на моите родители, продолжи со исто темпо. Живеев и делев храна со неколку цимери сé додека не ја завршив едногодишната програма за Медиуми во Македонскиот Институт за медуми, која ја дообликува мојата академска титула како новинар.

Водејќи се од идејата за ослободување на сопствениот потенцијал и трансформација во мојот круг на делување и во светот, продолжив да работам, пишувам, патувам и учам. Специјализацирав во Лондон- Велика Британија и Њу Јорк – САД на теми: Комуникации и резултати преку соработка; Влијание и вештини: Добивање резултати без директна власт; Вештини на верувањето: Комуницирање со авторитети и импакт, Лични вештини за професионална извонредност – Learning tree educational center United Kingdom.

Почестена од понудата да напишам нешто за себе во еден од медиумите во кои се развивав додека студирав, „Рома Индекс“, за кој сум пресреќна дека сé уште постои, се

мислев колку мене и на моите колеги кои пишуваа и го уредуваа ова списание пред неколку години ни беше забавно и едукатвно да учиме еден од друг и да ги мотивираме новите генерации да вложуваат во себе и да учат.

Денес, додека го пишувам овој текст, размислувам малку поинаку. Да добиеш диплома, општествениот систем вели животот ќе ти биде полесен, помалку стресен, училиштето ти ги проширува хоризонтите. Но, класичното образование не претвори во роботи, се чуствуваме бескорисни на работното место, многу делови од светот и култури останаа неоткриени а научените теории на памет ги заборавивме. Модерното образование или неформалното го инспирира мозокот и не ја полни главата со милион заборавени дефиниции.

Образованието кое го стекнав во Ромаверзитас преку сите обуки за јазици, студентски иницијативи, креирање стратегии, подготвки на кампањи, прослави за 8-ми Април, долгите дискусии за постоечките политики, мирисот на новиот испринтан број на „Рома индекс“ кој го читавме по неколку пати за да видиме кој што напишал, се моето образование! Така вложував во себе, ги слушав моите колеги, ја користевме креативноста, се почитувавме, создадовме генерација која ќе ја отпечати историјата на Ромите.

Поучена и водена од нашиот студентски активизам и после толку години откако дипломирав, работам со истиот елан и ги застапувам амбициите на мојот народ. Дневно комуницирам со околу стотина луѓе од 12 различни земји кои работат на преку 200 различни проекти. Ги следам нивните напори, ги насочувам, ги поддржувам во развој на нивната кариера, ги анализираме идеите кои треба да придонесат кон промена на безизлезната лоша ситуација во која нашиот народ преживува, ги учам новите политики на различните земји за да можам да реагирам на оние во кои Ромите се изоставени, предлагам решенија...

Со позиција на програмски специјалист, некогаш лесно, некогаш стресно, ги пренесувам амбициите на моите соработници пред луѓето со „големи мозоци“ - бордови, елити, членови на големи корпорации и институции да разберат низ што минува мојот народ, зошто нашите амбиции се поинакви од сите други актуелни европски предизвици...

Нашиот пристап на работа во Барвалипе се менува - од обезбедување можности на меѓународно ниво кон работа на локален политички контекст и со локални организации за поддршка на развој на лидерството меѓу дипломираните Роми. Нашата стратешка цел е што е можно повеќе да ги поддржиме младите дипломирани Роми да преземат улоги како застапници - горди на нивната ромска историја, како и доволно обучени и уверени за да преземат лидерски улоги.

Досегашното учење и работа разви стратешка претпоставка дека траекторијата од стипендија до раководство не може да се случи само преку академска обука.

Доколку сакаме да им помогнеме на многу талентирани млади Роми да градат лидерски вештини и искуство како дел од поширокатa област, треба да го обликуваме нивниот развој на лидерството заедно со опкружувањето, со ромските организации, младински движења и други засегнати политички страни.

Веруваме дека тековните меѓугенерациски конфликти треба да се трансформираат во меѓугенерациска поддршка за заеднички цели за ромските заедници. Ова може да се случи само ако постои процес во кој постои дијалог, развој на доверба и заеднички предизвици и одговорности. Ова не може да се случи ако дипломираните Роми имаат еднократни можности за обука, исклучени од политичкиот контекст и фокусирани на поединци, а не на колектив.

Ромаверзитас е место за развивање на нашите способности, место каде што нашите амбиции се поддржани и можат да доведат до јакнење на нашата нација. И не заборавајте, не е лесно воопшто да се биде Millennials генерација која верува дека нема специјални таленти, доволно е да се биде љубопитен. Прашувајте, патувајте и верувајте, личноста и идентитетот се градат и надвор од училишна клупа.

Проектот Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на ФООМ премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршказа личен развој.

Цели на проектот

• да се зголеми бројот на студенти Роми во државните и приватните универзитети во Република Македонија;

• да се зголеми вклученоста на студенти Роми во високото образование преку обезбедување индивидуална, академска и неформална поддршка;

• да се подобрат академските перформанси, постигнувања, индивидуални вештини и капацитети на студенти Роми запишани во државните и приватните универзитетите во Република Македонија;

• да се креира средина за општествена партиципација на младите Роми во Република Македонија за прашања кои се поврзани со инклузија на Ромите;

• да се формира РОМАВЕРЗИТАС алумни од Роми со завршено високо образование кои беа поранешни корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas

ROMA
EDUCATION
FUND